Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 26.05.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108864 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса во Скопје на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108864 на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса во Скопје на Плоштад Пресвета Богородица бр.1.

Корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје до Агенцијата за електронски комуникации на 26.05.2020 година достави барање за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 108864.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-310
Скопје,29.05.2020

Изработил:
Раководител на одделение за фиксна
и мобилна служба: Радка Шекутковска
Р.Ш.

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски Р.Ш.
Советник на директорот за радиокомуникации,
контрола и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор,**
**Сашо Димитријоски**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство